Врз основа на член 13 став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година, бр. 01-157/4 од 25.3.2025 година и бр. 01-121/3 од 9.2.2026 година, Државниот испитен центар распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници-оценувачи на делови од тестови и надворешни соработници за кодирање на прашалници на меѓународната студија ИЦЦС 2027 - ICCS 2027 (International Civic and Citizenship Education Study)**

**I.** Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - оценувачи на делови од тестови на меѓународна студија ИЦЦС 2027 - ICCS 2027 (International Civic and Citizenship Education Study) и за избор на надворешни соработници за кодирање на прашалници на меѓународната студија ИЦЦС 2027 - ICCS 2027 (International Civic and Citizenship Education Study), со која се истражуваат ученичките знаења и разбирање на поими и теми поврзани со граѓанското воспитување и образование и се известува за нивните вредности, ставови и однесувања, и тоа:

**а) Надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови:**
**1) четири оценувачи на македонски јазик и на англиски јазик и**
**2) двајца оценувачи на албански јазик и на англиски јазик.**

**б) Надворешни соработници за кодирање на прашалници:**
**1) две лица за кодирање на прашалници на македонски јазик и на англиски јазик и**
**2) две лица за кодирање на прашалници на албански јазик и на англиски јазик.**

**II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

**а) Кандидатите за надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови:**
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (граѓанско образование согласно нормативот за наставници);
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**б) Кандидатите за надворешни соработници за кодирање на прашалници:**
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку високо образование,
- да го познаваат англискиот јазик и
- да го познаваат јазикот на кој се кодираат прашалниците.

**III. Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

**а) Кандидатите за надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови:**
- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- уверение за државјанство;

- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар и
- потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години во настава.

**б) Кандидатите за надворешни соработници за кодирање на прашалници:**
- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.мк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршено високо образование.

**IV.** За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар Скопје ќе организира обука, по што ќе следи проверка на знаењата на кандидатите.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

**V.** Изборот на надворешни соработници - оценувачи на делови од тестови на меѓународната студија ИЦЦС 2027 - ICCS 2027 и надворешните соработници за кодирање на прашалници на меѓународната студија ИЦЦС 2027 - ICCS 2027, се врши на начин и во постапка утврдена со Законот за Државниот испитен центар и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е заклучно со 17.2.2026 година.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи на делови од тестови на меѓународна студија ИЦЦС 2027**“ или „**За јавен конкурс за надворешни соработници за кодирање прашалници на меѓународна студија ИЦЦС 2027**“.

**X.** Дополнителни информации за јавниот конкурс можат да се добијат на телефонскиот број 075/340-924, секој работен ден од 10:00 часот до 14:00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР